**ЗАПИСНИК**
**од 20-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 14.05.2020 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, Зоран Фиданоски, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, д-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: д-р Милаим Фетаи

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, м-р Ивона Муфишева Алексовска, м-р Аргенд Џелили.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 20-та Седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:05 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски информира дека г-дин Фетаи не е приклучен преку видео конференциска врска. Објасни дека причините за неговото отсуство од седницата не му се познати, можеби се должат на технички или друг проблем. Во врска со Предлог-дневниот ред објасни директорот на Агенцијата под точката Разно ќе даде две објаснувања. Имено во текот на вчерашниот ден доцна попладне во Службен весник број 123 од 13.05.2020 година објавена е Уредба со законска сила за измена и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на вонредна состојба. Дополнително во истиот Службен весник објавен е Протокол за одржување на седници на органи на управување и конференции. Наведе дека директорот ќе ги објасни, а Советот има време од две до три недели за да ги донесе одлуките, но сепак е добро да бидат информирани.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 6 гласа „за“ го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 19-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 06.05.2020 година.

2. Предлог-решение за прекин на Договорот за вработување со анекси поради возраст на работник и донесување на Одлука за отпремнина при одење во пензија.
3. Разно

**Точка 1**

Советот го разгледа Предлог-записникот од 19-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 06.05.2020 година.

Г-дин Јанчески рече дека има забелешка во Точка 2 од неговата дискусија. Според него во реченицата „Г-дин Јанчески рече дека претпоставува дека треба..“ има мала редунданција и предложи да се избришат зборовите „претпоставува дека“ за да добие смисла реченицата.

Г-дин Фиданоски рече дека има забелешка на страна 3 од Записникот, 9-ти ред и предложи во реченицата зборовите меѓу двете запирки „бидејќи сѐ повеќе не е само Македонија“ да се избришат и потоа таа да продолжи онака како што е запишана и зборот „сѐуште“ да се напише одвоено.

Советот на Агенцијата со предложените корекции, едногласно го усвои Записникот од 19-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 06.05.2020 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлог-решението за прекин на Договорот за вработување со анекси поради возраст на работник и Одлуката за отпремнина при одење во пензија. Објасни дека согласно Законот за да може работникот да биде одјавен од Агенцијата и за да може да оствари право на пензија Советот треба да даде одобрување за да се донесе Решение за прекин на Договорот за вработување и одобрување за донесеување Одлука за отпремнина која согласно праксата во Агенцијата и согласно Правилникот за плати и други надоместоци на вработените кои одат во пензија им се исплаќаат две просечни плати.

Г-дин Фиданоски упати честитки до вработениот и му посака долги години да ја користи пензијата.

Г-дин Петрушевски се придружи кон честитките и исто така му посака што подолго да ја користи пензијата.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрение на директорот на Агенцијата да донесе Решение за прекин на Договорот за вработување со анекси поради возраст на работникот.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрение на директорот на Агенцијата да донесе Одлука за отпремнина при одење во пензија.

Се задолжува Секторот за правни работи да го одјави работникот пред Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија - Центар за вработување на Град Скопје, заклучно со 24.05.2020 година.

**Точка 3**

**Разно**

Г-дин Петрушевски објасни дека во текот на вчерашниот ден доцна попладне во Службен весник број 123 е дополнета Уредбата што се однесува на член 143 од ЗААВМУ и донесена е Уредба со која се дава можност од денес седниците на управувачките органи да се одржуваат во затворени простории со одредена пропишана процедура. Напомена дека тоа е можност, не е наредба дека мора да се држат во затворена просторија и се надева дека оваа можност ќе ја искористат во наредниот период особено ако треба да се одлучува за поважни одлуки. Во меѓувреме разговарал со директорот кој го известил дека веќе дал налог за изработка на протокол за одржување на седници.

Г-дин Трајчевски во врска со уредбата за член 143 од ЗААВМУ објасни дека Владата донесе Уредба со законска сила со која од вчера тече јавната расправа и наместо да трае 30 дена ќе трае 15 дена по текстовите на трите документи кој се усвоени од Советот во месец февруари 2020 година, а во врска со измените кои ги усвои Парламентот на последната седница пред нејзино распуштање. Во таа насока известени се сите кабелски оператори, радиодифузери и здруженијата на кабелските оператори и исто така во прилог им е пратена и Уредбата донесена од Владата. До 27 мај 2020 година ќе може да се доставуваат забелешки во врска со член 143 од ЗААВМУ и исто така во Уредбата е наведено дека во рок од 5 дена по завршување на јавната расправа Советот треба да ги усвои текстовите на овие три подзаконски акти. Последниот ден на кој може Советот да заседава е 1 јуни 2020 година, додека 27 мај е последниот ден за јавната расправа. Доколку нема пристигнато многу забелешки Советот евентуално би можел да заседава на 29 мај, но доколку има повеќе забелешки тогаш логично е седницата да биде на 1 јуни на која ќе се усвојат подзаконските акти. Во врска со втората Уредба објасни дека веќе постои можност седниците на Советот и други настани да се организираат во просториите на Агенцијата. Денес започна изработка на Протокол за тоа како би се одржувале седниците на Советот почитувајќи ја Уредбата на Владата да има 1,5 до 2 метри одалеченост помеѓу учесниците на седниците со користење на заштитна опрема. Кон крајот на следната недела Агенцијата ќе биде подготвена ако има седници на Совет и ако за тоа се согласат членовите на Советот да ги одржува во просториите на Агенцијата. Исто така ќе се изработат протоколи за влез на странки и вработени на Агенцијата согласно Уредбата за користење на заштитна опрема. Со тоа се очекува враќање на вработените во Агенцијата со полно работно време со протокол како би биле распоредени на своите работни места со запазување на раздалеченоста од 1,5 до 2 метри и носење на заштитна опрема.

Г-дин Петрушевски рече дека согласно образложението на директорот имаат можност за една до две недели седниците да ги одржуваат во просториите на Агенцијата

а во врска со другата Уредба објасни дека Советот може да заседава од 28 мај до 1 јуни за да ги донесат подзаконските акти.

Г-дин Фиданоски побара од директорот доколку има сознанија да ги сподели со членовите на Советот во врска со Уредбата која се однесува на подзаконските акти на Агенцијата. Праша дали се менува нешто суштински или само се крати рокот за јавна расправа?

Г-дин Трајчевски објасни дека Владата прво донесе Уредба со која за време на вонредната состојба не се носат подзаконски акти. Сега ја смени таа уредба и носи Уредба со која кажува дека треба да се донесат, но не со 30 дена јавна расправа туку само со 15 дена. Исто така го утврдува датумот од кога започнува јавната расправа а тоа е вчера, 13 мај 2020 година кога е и објавена Уредбата во Службен весник. Исто така дава рок на Советот во рок од 5 дена од завршување на јавната расправа да ги усвои документите. Во однос на содржината на самите подзаконски акти рече дека останува улогата на Агенцијата и Советот, тие се усвоени во нацрт верзија на седница на Советот, доколку стигнат забелешки од заинтересирани страни и доколку се во рамките на Законот ќе бидат прифатени, а доколку не се во рамките на Законот ќе бидат отфрлени. Значи Уредбата не се однесува на суштината на подзаконските акти туку времето и процедурата на носење на овие подзаконски акти. Информира дека половина час пред започнување на седницата им е пратена Уредбата на меил како информација.

Г-дин Фиданоски постави прашање во врска со тоа што вчера јавно го искажа еден сопственик на кабелски оператор и беше актуелно на социјалните мрежи и он-лајн медимите околу можноста да се плаќа дополнително како пакет по 100,00 денари за националните телевизии. Праша дали од оваа ситуација може да произлезе поголем проблем бидејќи на некој начин ќе бидат допрени затоа што ќе ги носат подзаконските акти?

Г-дин Трајчевски рече дека за ова би дискутирал по завршување на седницата.

**Бр. 02-2148/3**
**04.06 2020 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**